ISSN 2671-3527

# EUROPA

ВЕСНИК ЗА ЕВРОПСКИ ВРЕДНОСТИ И ЧОВЕКОВИ ПРАВА

(број 8) 1 октомври 2020 година, проект: ЕВРОПА Е НАШ ДОМ

## Месецот на мирот исполнет со насилство

*Во месецот кога се одбележува Меѓународниот ден на мирот, 21 Септември, за кој ЦИВИЛ уште пред седум години поднесе иницијатива до Собранието да биде прогласен за национален празник, бевме сведоци на бројни насилни инциденти, и вербални, но и физички. ЦИВИЛ и месецов неколку пати ги повика институциите да го спречат и да го санкционираат насилството во сите негови форми, и ја продолжи интензивната кампања против говорот на омраза и делата од омраза.*

*Уште еден меѓународен празник, Меѓународниот ден на демократијата, пак, беше повод овој месец ЦИВИЛ повторно да ги повика институциите и јавноста да се потсетат на демократските принципи, за кои декларативно се залагаат, и доследно да ги почитуваат.*

***Игор К. Илиевски***

## Мирот е единствениот пат кон надминување на омразата, насилството и национализмот




ЦИВИЛ апелира дека мирот, слободата, единството се вредности кои Северна Македонија ги има и треба секојдневно да ги вреднува и промовира. На овој начин ќе се надминат предрасудите, омразата, нееднаквоста, ќе се извојува битката против меѓуетничките конфликти, корупцијата, сиромаштијата...

На 19 септември 2013, ЦИВИЛ поднесе иницијатива до Собранието на Македонија, 21 Септември – Меѓународниот ден на мирот и 10 Декември – Меѓународниот ден на човековите права, да бидат прогласени за национални празници. Оваа година ЦИВИЛ започна и интензивна кампања во борба против говор на омраза и дела од омраза, повикувајќи ги сите засегнати страни во општеството за конструктивен дијалог и мирен и ненасилен начин на решавање на конфликтни ситуации поттикнати од различностите.

ЦИВИЛ останува буден и гласен во одбрана на човековите права и слободи упатувајќи силна порака дека секој поединец може да придонесе кон надминување на омразата, предрасудите, национализмот, насилството и култот кон оружјето.

# ЦИВИЛ го честита Меѓународниот ден на демократијата, ги повика институциите и јавноста да ги почитуваат демократските принципи

Вредностите на слободата, почитувањето на човековите права и принципот на одржување периодични и вистински избори со универзално право на глас се основните елементи на демократијата. За возврат, демократијата обезбедува природно опкружување за заштита и ефективно реализирање на човековите права. Овие вредности се отелотворени во Универзалната декларација за човекови права и понатаму се развиваат во Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, кој опфаќа мноштво политички права и граѓански слободи кои ги поддржуваат значајните демократии.

Но, демократија не значи само право на глас, туку и право на достоинствен живот во секој аспект, право на определба, учество, барања, соработка и почит.




Нашето општество со години беше соочено со кршење на човековите права и слободи, со помош на владеењето на еден крајно недемократски режим, против кој се крена, војуваше и го сруши!

ЦИВИЛ им го честита Меѓународниот ден на демократијата на сите граѓанки и граѓани, потсетувајќи дека борбата за демократија во Македонија е континуиран процес и трае. По повод Меѓународниот ден на демократијата, ЦИВИЛ уште еднаш ги повика институциите, но и јавноста, да го почитуваат начелото за владеење на демократијата и правото во земјата.

**Д. Тахири**

# Ставовите се бранат со факти, не со насилство!

ЦИВИЛ најостро ги осудува говорот на омразата, делата од омраза и насилството кои произлегуваат од неспособноста или неподготвеноста да се дебатира со аргументи во јавноста. Без оглед на „страната“ од која доаѓаат деструктивните појави во општеството и на политичката сцена, без оглед на тоа дали се работи за политички, етнички или верски мотивирани инциденти, тие не може и не смее да се оправдаат и премолчат.

ЦИВИЛ, кој и самиот е мета на долгогодишни и секојдневни напади со лаги, клевети, говор на омраза и закани по животот на неговите претставници и активисти, секогаш и без исклучок ги осудува иницијаторите, нарачателите и извршителите на овие дела.

И во случајот со Љупчо Палевски кој, според информациите во јавноста, е нападнат и претепан пред својот дом, ЦИВИЛ ја




изразува својата загриженост и осуда, и бара од институциите да ги откријат и санкционираат сторителите на овој насилнички акт.

Насилството и говорот на омразата никогаш, под никакви услови, не се соодветен одговор за ништо. Ставовите се бранат со факти, не со насилство!

**ЦИВИЛ Тим за комуникации**

# ЦИВИЛ ги промовира европските вредности

Со оглед на пандемијата со Ковид-19, почитувајќи ги максимално мерките за заштита, ЦИВИЛ во центарот на Скопје, кај кафулето Гарсон, одржа инфо-штанд посветен на промоција европските вредности и интеграции.

„Европа е наш дом" е проект посветен на мониторинг, застапување и јакнење на јавната свест во повеќе области, но пред сè главната цел е да се придонесе кон процесот на интеграција на Република Северна Македонија во Европска Унија.

ЦИВИЛ како организација за човекови права и слободи во континуитет работи кон политичкиот дијалог, поддршка, но и преземање легислативни и граѓански иницијативи, со цел промоција на европските вредности, човековите права и слободи.



Медиумската платформа придонесува кон навремено информирање на граѓанките и граѓаните за сите политичко-општествени процеси, воедно придонесува во борбата против хибридните напади врз демократијата, лажните вести, дезинформациите, говорот на омразата и другите облици на хибридни

напади врз демократијата.

Освен информативен материјал за проектните цели на „Европа е наш дом", граѓанките на инфо-штандовите ќе можат да се информираат и за другите компоненти на овој сеопфатен и комплексен проект кој воедно преку промоција на европските вредности и поддршка на евроинтеграциите помага и во борбата против корупцијата, преку јакнење на јавната свест и соработката со релевантните институции во земјата.

Проектот го финансира Министерството за надворешни работи на Сојузна Република Германија.

# Панел дискусија: „Дискриминацијата и вработувањето во јавниот и приватниот сектор"

Дискриминацијата при вработувањето е честа тема во медиумите и во јавната комуникација. Недоволното разбирање и честата политизација на темата околу вработувањето ја налага потребата од поширока јавна дискусија со аргументи од повеќе аспекти на сите засегнати страни.



ЦИВИЛ одржа панел дискусија на тема „Дискриминацијата и вработувањето во јавниот и приватниот сектор" на која учествуваа Јована Тренчевска, Раководител на одделение за родова еднаквост, Сектор за еднакви можности во Министерство за труд и социјална политика , проф. Мирјана Најчевска, експертка за човекови права, Висар Адеми, експерт за економија, Лиса Баута Шаќири, авторка и правничка и Рамуш Муарем-Цирко, новинар, а модератор е Дехран Муратов од ЦИВИЛ. На почетокот на панел дискусијата, Џабир Дерала ги претстави ставовите и првичните препораки на ЦИВИЛ на оваа тема.

„Кога ќе се спомене зборот дискриминација, тоа повлекува состојби и ситуации што засегнуваат огромен број луѓе, поединци и групи, заедници и категории на граѓанки и граѓани. Најдиректно и со долгорочни и тешки последици во животот на луѓето е токму дискриминацијата во постапките и процедурите на вработувањето, како во јавниот, така и во приватниот сектор. Тоа е многу почеста појава, отколку што за тоа се говори во јавноста", истакна Дерала на почетокот на панелот.

По овој настан, ЦИВИЛ ќе ги дополни препораките на организацијата и ќе ги вгради во посебен документ кој ќе биде доставен до релевантните институции, како дел од Граѓанскиот форум во кој до сега учествуваа голем број експерти и активисти, како и заинтересирани граѓанки и граѓани.

Настанот е дел од проектот „Европа е наш дом", финансиран од Министерството за надворешни работи на Сојузна Република Германија.

# Баута Шаќири: Со дискриминација против дискриминација



*Лиса Баута Шаќири*

Лиса Баута Шаќири, авторка и правничка, на панелот на ЦИВИЛ „Дискриминација и вработување во јавниот и приватниот сектор“, се осврна на употребата, односно злоупотребувањето на етничкит клуч при вработување во двата сектори.

Баута Шаќири: Знаете како, треба да направиме една разлика помеѓу тоа што е критериум, познавање на албански, македонски или англиски јазик е критериум, којшто во приватниот сектор работодавачот го наметнува како критериум. Ако се исполнат тие критериуми, може да се вработиш, ако не се исполнат, ќе се најде друг кандидат којшто ќе ги исполни. И тука нема „лутиш“. „Лутиш“ има кога го гледа името и презимето, како што спомнавте пред малку, етничката припадност и вели – не го разгледувам понатаму ЦВ-то. Тука е дискриминацијата. Затоа што не дава шанса да го прочита до крај.

Што се однесува до познавањето и непознавањето на јазиците, сметам дека кандидатите што конкурираат за одредено работно време, треба да го задржат товарот, и истовремено да бидат носители на одлуката за тоа дали ќе научат еден јазик плус, за да бидат полесно продадени на пазарот на трудот, а не обратното, во секоја фирма да има зошто некој не знае македонски или не знае албански. Тоа е личен проблем на тие што не ги знаат јазиците. Во ниеден случај не смее да оди на товар на фирмата, освен ако сопственикот на фирмата сака, или во најлошиот можен случај, на товар на државата, затоа што ние сме вработиле кадар, меѓутоа кадарот не го знае јазикот!

Јас имам уште едно прашање, како е можно да не го знае јазикот?! Како завршил основно, средно о високо образование? Во држава каде што сакал- не сакал, учиш јазик. Јас сум учела македонски јазик од прво одделение, до крајот на моите студии. Има програма којашто е усвоена од министерството за образование, по која учат сите во Македонија,  освен неколку приватни училишта коишто усвоиле некоја друга програма. Не е македонскиот јазик како францускиот... па сега само во француско школо се учи... Јас сметам дека тука дискриминацијата не постои како етнички клуч, туку се злоупотребува етничката припадност за популистички цели, од страна на тие што воведуваат вакви мерки. Ако ние тргнеме против дискриминација, ајде да го тргнеме партискиот клуч при вработување. Многу поголем бенефит ќе има целата држава и економијата, ако ја тргнеме партиската припадност...

Ги слушам бројките на Ромите и размислувам зошто се толку мали бројките, и се сетив дека можеби нема стручен кадар, и потоа го слушнав вашето прашање, и на крај дојдов до заклучок дека има, но доколку нема стручен кадар, како да тргне да се образува и надградува, кога знае, а знае, Ромите во Македонија знаат дека се дискриминирани, од седење во кафана и бидување непожелни, па да не зборуваме за вработување на

високи позиции. Проблемот е повеќе општествен отколку што е политички или економски. Ние треба да почнеме од најниските слоеви. Не може да се бориш против дискриминација од најгоре, со наметнување на вакви мерки. Прво и основно, ова не е демократски, пристапот е многу лош. Јас би сакала да се зголеми бројот на Ромите во приватниот или во јавниот сектор. Меѓутоа, не на овој начин. Не со етнички клуч, не со давање предност, бидејќи тогаш јас ќе треба да се запишам како Ромка за да можам да се вработам на одредено работно место, затоа што и покрај мојата компетентност, стои дека мора да биде Ром. Ние дискриминираме, сакајќи да ја отстраниме дискриминацијата.

**Дијана Тахири**

# Најчевска: Важно е да се утврди коренот на дискриминацијата и да се реши проблемот, а не да ги лечиме симптомите

„Јас многу јасно го искажав незадоволството од работата на Уставниот суд, за кој мислам дека сосема неоправдано и со многу погрешно читање на Уставот и законите го направи укинувањето на Законот за спречување и заштита од дискриминација и би било само спекулација зошто тоа го направил и кој добил од тоа, меѓутоа факт е дека ја доведоа државата во ситуација да има еден вакуум во коешто немаше законска регулатива со која граѓаните би се штителе од дискриминација и тоа е недозволиво после толку години на борба за донесување на овој Закон и после толку години на постоење на ваква законска регулатива“, истакна професорката Мирјана Најчевска на панел дискусијата на тема „Дискриминацијата и вработувањето во јавниот и приватниот сектор“, во организација на ЦИВИЛ.




*Мирјана Најчевска*

Најчевска истакна дека не треба да има различен третман кон луѓето поради одредена карактеристика меѓу која и да е етничката припадност, посебно кога станува збор за вработување во приватниот сектор.

„Тој кој вработува, доколку постои сомнение дека му дал предност на некого поради тоа што припаѓа на одредена етничка заедница, а не на друга, треба да докаже дека го вработил тој човек не поради таа причина, туку заради тоа што ги има соодветните квалитети, вештини, знаења и искуство кои се потребни за тоа работно место на кое и го вработил“, истакна Најчевска.

Најчевска истакна дека го избегнува зборот позитивна дискриминација, бидејќи истиот во себе содржи некаков вид на апсурд и дека го преферира зборот афирмативна, односно афирмативна акција кога се дава свесно предност на одредена категорија на луѓе кога станува збор за дискриминацијата.

„Сметам дека постои обид за нарушување на системот на слободна економија и дестимулација на натпреварот за квалитет. Прво, нашиот систем

се базира на правата и слободите на индивидуата. На ваков начин ние ги внесуваме колективитетите како структура која е над индивидуата, односно го негираме граѓанскиот принцип и влегуваме во еден систем кој беше карактеристичен за едно друго поранешно политичко уредување. На ваков начин ги принудуваме луѓето да се искажат како дел од одреден колективитет, затоа што ако не припаѓаат кон одреден колективитет не можат да ги влечат бенефициите кои се поврзани токму и само со припаѓањето на тој колективитет. Второ, ова е спротивно на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства која е ратификувана од нашата држава. Во оваа конвенција има една многу интересна одредба – Секој припадник на одредена етничка заедница може во кој било момент да се откаже од припадноста на таа заедница и за тоа да не трпи негативни последици, дали од заедницата од која излегува или од заедницата кон која сака или има намера да се приклучи. Во случајов, доколку некој не сака да биде препознаен како припадник на одредена етничка заедница ќе трпи негативни последици и мислам дека Република Северна Македонија ќе се најде на тапет заради непочитување на оваа конвенција", додаде Најчевска.

Според Најчевска, во нашата држава секогаш недостига расправа за оваа проблематика и дека повторно имаме нешто кое се наметнува одозгора.

„Немало расправи и разговори, немало јасни насоки кои би доаѓале како потреба која доаѓа од самите граѓани за воведување на ваква мерка, меѓутоа на некому горе во власта му текнало дека такво нешто треба да направи, од најразлични причини, а според мене тоа е најпрост партиски клиентализам кој се обидуваат партиите да го создадат, однеднаш наметнува една ваква мерка и тоа врз основа на паушални тврдења. Имено, нема анализи, статистички податоци, бројки од кои нема фактички податоци кои би ни укажале дека има проблем со вработувањето на различни етнички заедници во приватниот сектор. Дека има помалку приватни претпријатија кои вработуваат или во кои носител или раководителот е припадник на одредена етничка заедница, па дури и тие каде што само вработени се луѓето од одредена етничка заедница, значи немаме такви податоци и врз основа на што ние би превземале мерки доколку немаме фактичка ситуација или анализа од која би произлегло дека имаме проблем и сега државата треба да најде начин како да го адресира тој проблем", додаде Најчевска.

Таа додава дека има афирмативна акција и во развиените западни земји кога станува збор за приватниот сектор.

„На многу итнересен начин се прави кога станува збор за дискриминацијата врз основа на пол, односно меѓу жените и мажите. Тие инсистираат сега, постои дури и една посебна европска директива која е насочена кон зголемување на бројот на жените во управните одбори, затоа што е дојдено до заклучок дека независно од нивото до кое доаѓаат жените при кариерното напредување постои еден таканаречен стаклен плафон кој не можат да го преминар. Поради тоа што постојат стереотипи и предрасуди кои оневозможуваат да дојдат до одредени повисоки позиции, независно од нивните квалификации. Во Франција е усвоена една афирмативна мерка со која се вика тогаш кога државата склучува договор со одредена приватна фирма предност ќе добие, покрај исполнувањето на условите од фирмите, онаа фирма што има поголем број жени во Управниот одбор и автоматски на тој начин посредно ги принудува и во приватниот сектор на ниво на управувачки позиции да го зголемат бројот на жените", истакна Најчевска.

Според Најчевска потребно е да се најде коренот и проблемот со дискриминацијата и да се разреши тој проблем.

„Она што е многу важно, кога станува збор за дискриминацијата, е да се утврди каде е коренот и проблемот и да се разреши тој проблем, а не да се обидуваме да ги лечиме само симптомите, и на луѓето да им даваме само аспирин а тие треба да се лечат од рак", додава Најчевска.

**Ангела Петровска**

# Муарем: Издвојување на етничката припадност за вработување не може да се смета како афирмативна

Рамуш Муарем-Цирко, новинар, панел дискусијата на тема „Дискриминацијата и вработувањето во јавниот и приватниот сектор“ во организација на ЦИВИЛ, истакна дека издвојувањето на етничката припадност за вработувањето не може да се смета како афирмативна и дека тоа се коси со Уставот на државата.

„Знаеме дека сме мултикултурна држава и вакви предлози одма ги кршат копјата, од една или друга страна секогаш има напади, треба да збориме за економска стабилност“, додаде Муарем.

Тој истакна дека кај Ромите во државата е повеќе присутна онаа сива економија, затоа што самите гледаат дека немаат шанси или многу минимални шанси да се вработат во јавниот или приватниот сектор.




*Рамуш Муарем-Цирко*

„Кај Ромите повеќе е присутна онаа сива економија, затоа што самите гледаат дека нема шанси или има минимални шанси да влезат во јавниот или приватниот сектор. Државата прави напори да се елиминира таа сива економија, а они се принудени, бидејќи немаат пристап до тоа вработување, а кога има функциите се од пониските, а како раководителни функции нема шанси кај ромската заедница“, додаде Муарем.

**А. Петровска**

# Тренчевска: Законот за заштита од дискриминација ќе се применува и во приватната и јавната сфера

Јована Тренчевска, раководител на одделение за родова еднаквост, Сектор за еднакви можности во Министерство за труд и социјална политика, на панел дискусијата на тема „Дискриминацијата и вработувањето во јавниот и приватниот сектор“ во организација на ЦИВИЛ, се осврна на она што е вклучено во Законот за заштита од дискриминација, одлуката на Уставниот суд да се укине законот предизвика бурни реакции, не само кај активистите и професионалците туку и кај граѓаните, тој се рефлектива во секојдневното живеење.

„Од тој аспект, живееме во време во кое што главна опција е градењето на социјанла демократска современа држава, каде почитувањето на човековите права е темелна вредност. Во моментов немаме заокружена законска регулатива која ќе биде посветена на дискриминацијата и еднаквите можности, приоритет на Владата е донесување на овој Закон, тој приоритет е реализиран и е во собраниска постапка“, истакна Тренчевска.

Таа додаде дека Прелог законот бил позитивно оценет од Советот на ЕУ, Комисијата на ЕУ и Венецијанската комисија како современ закон, и со неговото условување ќе имаме заштита од дискриминацијата.

„Законот ќе се применува и во приватната и јавната сфера и експлицитно се наведени областите каде не смее да има дискриминација, токму и работните односи се таму“, додаде Тренчевска.

**А. Петровска**



*Јована Тренчевска*

# Нова опсежна анализа за медиумското известување за изборниот процес




Во постизборниот период, ЦИВИЛ објави серија извештаи и анализи за спроведувањето на изборниот процес. Во претстојниот период, Организацијата го финализира објавувањето на извештаите и анализите од мониторингот, по што ќе бидат подготвени и објавени препораки за идните чекори што треба да се преземат на повеќе правно-политички, институционални и општествени нивоа.

Опсежната анализа „Наместо со фокус на понудата за граѓаните – медиумите со рефлексија на кампањите доминирани од црна пропаганда, дезинформации, клевети, навреди и омраза“, од медиумскиот експерт Петрит Сарачини, инаку активист и член на Собранието на ЦИВИЛ, е подготвена на педесетина страници, со конкретни примери и анализи за ефектите од кампањата, методите на пласирање на пораките, мрежите за оркестрирано ширење партиска пропаганда, дезинформации и омраза и низа други аспекти. На крајот од анализата се поместени заклучоци и препораки кои ќе бидат дел од пакетот препораки кои ЦИВИЛ ќе ги претстави пред јавноста и на институциите.

# Хајредини: Зад национализмот се крие корупцијата

Очигледна е тенденција на одредени политички структури во земјата, меѓутоа и надвор од неа, кои се насочени кон континуирано опструирање на процесите, па и дестабилизација на Република Северна Македонија, токму преку јакнење на национализмот. Национализмот го гледаме како алатка во политчката борба и сè почесто го гледаме и во медиумскиот контекст, во јавната комуникација и на социјалните мрежи, но и преку јавните настапи на политичари, членови на академијата, експерти, интелектуалци... Хајредини доаѓа до една важна констатација, а тоа е дека национализмот е само маска за корупцијата и ништо друго!

Џевдет Хајредини, поранешниот министер за финансии, во интервју за ЦИВИЛ Медиа зборува за национализмот, од различни аспекти. Негов став е дека национализмот е само маска за корупцијата и ништо друго. Контекстот во кој разговаравме со Хајредини е очигледната тенденција на одредени политички структури во земјата, меѓутоа и надвор од неа, кои се насочени кон континуирано опструирање на процесите, па и дестабилизација на Република Северна Македонија, токму преку јакнење на национализмот. Национализмот го гледаме како алатка во политчката борба и сè почесто го гледаме и во медиумскиот контекст, во јавната комуникација и на социјалните мрежи, но и преку јавните настапи на политичари, членови на академијата, експерти, интелектуалци...




*Џевдет Хајредини*

**ЦИВИЛ МЕДИА: Дали можете, според вашите искуства, анализи и размилсувања, да опишете каква е ситуацијата во РСМ, сега во овој период, во поглед на национализмот и во поглед на меѓуетничките и верските односи?**

**ХАЈРЕДИНИ**: Кога ми најави дека на оваа тема сакаш мое изнесување пред камера, ми текна да цитирам една мислам на Шарл де Гол, меѓу другото знаеме кој бил Шар Де Гол, тој бил познат, истакнат историчар покрај другите негови особини. Тој одамна, еднаш кажал дека е убеден дека единствена движечка сила на меѓународната сцена е нацијата, а не идеологијата, и тој дава ред примери и од историјата на 19 век на односите меѓу големите сили во Европа и Русија и во 20 век. Тој кажува и докажува дека идеологијата апсолутно не била во прашање, туку нацијата, дека со фашизмот бил маскиран германскиот национализам, со словенскиот комунизам бил маскиран нивниот национализам. Но, да не ширам многу, тој ги давал примерите од историјата, а јас би го додал и постоењето на Југославија и пред Втората светската војна. И во комунизмот, освен како доминантни словенски нациии, внатре во неа и во рамките на таа Југославија, била маска на српскиот национализам и во текот на комунизмот, а не идеологијата.

На Сталин кога му било тесно по почетокот на Втората светска војна, тој ги повикал поповите, за да го покрене чувството на национализам кај Русите и со помош на црквата против фашизмот и мислам дека овој факт не

може никој да го побие, дека е идеологија. Сега се враќаме, имајќи го предвид ова што го кажав, дали кај нас и пред доаѓањето на плурализмот и после дури можам да кажам и за состојбите во Македонија пред и после 90-та година, овие 30 години. Сите проблеми, бидејќи викаме дека тоа било идеологија, братство и единство, рамноправност на јазикот, на работничката класа итн., тоа било само маскирање на национализмите кај народите. Затоа сакам да ја заокружам оваа идеја, за да ја имаме предвид и при оценувањето на актуелните настани, а особено на овие 30 години, состојбата со меѓуетничките односи во Македонија.

**ЦИВИЛ МЕДИА: Во денешен контекст национализмот има тенденција да подели и да сее страв меѓу различните заедници во земјата, имаме две големи зааедници кои по многу прашања се спротиставени, и тоа токму националистичките групации во рамките на тие етнички заедници се најгласни во тоа антагонизирање. Дали навистина и во контекст на тоа што го слушнавме до сега, меѓутоа и во контекст на актуелните процеси, дали етничките Македонци имаат право да се плашат, односно дали имаат право да кажат дека се загрозени од албанскиот национализам?**

**ХАЈРЕДИНИ**: Тоа дали Македонците се плашат или не, е нивен проблем. Ако не знаат како да ги решат проблемите, ќе се плашат ама секогаш тоа од кое се плашиш се случува. Тие треба да бидат на ниво, да ги решат националните интереси, стандард, тоа што денеска светот го бара да го решат, сами.

Откако зборував, денеска национализмот овде кај нас, за жал после сето тоа стана маска на корупцијата и кај едниот и кај другиот, бидејќи решени се крупните стратешки интереси, сега национализмот, а зад него прибежише наоѓаат корумпираните политички елити, особено кога збориме за Албанците и елитите во Албанија и на Косово и овде во Македонија, за да се одржи на власт во 20-30 години со исклучивии мотиви, да го присвојат народниот имот, да се збогатат, необразовани и стручно неспособни итн., и ама апсолутно неидеолошко чисто корупциски мотивирани однесувања.

Корупцијата се маскира зад национализмот, како што зборувавме, за идеологиите на нациите во минатото, сега зад тоа е само корупцијата и ништо друго.

**Џабир Дерала**

# ЦИВИЛ потсетува на повикот до граѓанките и граѓаните да пријавуваат говор на омраза и лажни вести

ЦИВИЛ ги повикува сите граѓанки и граѓани да пријавуваат случаи на различни облици на кршење на човековите права и слободи, лажни вести и говор на омраза, како и низа други негативни појави, политики и практики. Во овој прилог е објавен формуларот за пријава.




ЦИВИЛ како организација за човекови права и слободи веќе со години се ангажира во борбата против лажните вести, дезинформациите и говорот на омразата. Анализите и прогнозите во Организацијата упатуваа на тоа дека во периодот пред одржување на предвремените парламентарни избори, но и во постизборниот период, општеството ќе се соочи со црната кампања. Општо земено, важните

интеграциски и реформски процеси и настани често ги придружуваат пропагандни активности на центрите на моќта чии цели се спротивни на стратешките интереси Република Северна Македонија.

Во своите јавни настапи, ЦИВИЛ постојано порачува: Не чекајте! Помогнете му на македонското општество да се справи со негативните појави, политики и практики кои се спротивни на демократските стандарди и човековите права и слободи!

# Жртва на режимот, Емел Рамковска: Моја должност е да зборувам за режимот, да потсетам за да не се случи повторно

Како дел од Граѓанскиот форум на ЦИВИЛ што се однесува на граѓанските препораки за креирање на владините политики, потсетуваме на серијата интервјуа со жртвите на режимот, што ЦИВИЛ ги спроведе во текот на минатата година.



Своето излагање на панелот, панелот „Жртви на режимот – сведоштва и слики“ во организација на ЦИВИЛ што се одржа на 11 март 2020, Емел Рамковска, жртва на режимот го започнува со самиот почеток на нејзиното страдање, од моментот кога таа ги чекала во својот дом за да ја уапсат.

„Имав најава, видов што сè се случи со А1 телевизија, ги чекав дома, повеќе од 2 часа, да дојдат и да ме земат. Можев да избегав, ама ги чекав. Децата спиеа. Не знам колку возила беа, пет или шест. Се јавив на жената која ми помагаше со децата, да биде тука со нив. Додека влегуваа во мојот дом, да прават претрес, се сеќавам во истиот момент ги носевме децата во друга соба, среќа не се разбудија“, раскажува Рамковска.

„Во притворот имаш допир со секакви луѓе, грозоморни убиства, сè станува релевантно, релативно, не судиш никого, ако јас сум за ништо тука, сфаќаш како функционира системот. 23 часа поминуваш во една просторија, имаш еден час надвор, но веќе и небото не можевме да го гледаме, освен преку метални решетки. Во просторија 23 часа, нема струја, штекер, 2 ипол години не можеш да видиш ни пржени јајца, ние имавме привилегија нашите да ни носат храна од дома, кафето не постоеше, немаш можност...“, раскажува Рамковска.

# Жртви на режимот: Кежаровски: Во мојата биографија нема никогаш да пишува – Се предавам!

Томислав Кежаровски, како жртва на режимот, на панел дискусијата „Жртви на режимот – сведоштва и слики“ во организација на ЦИВИЛ, изјави дека тие, жртвите, се тука да не се заборави, да ги чуваат сеќавањата... и да му се спротивстават на тоталитарниот режим.

„Сега чувствувам како да сакаат ние да исчезнеме. Сепак ние сме тука да ги чуваме тие сеќавања и да му се спротивставиме на тоталитарниот режим... Зборот режим стана забранет збор, никој не го спомнува повеќе...



После една минута помината во затвор, веќе не си истиот човек.

Без оглед на се, колку и да имам притисиоци јас ќе се борам до крај.  Во моето CV нема никогаш да пишува – Се предавам!“, изјави Кежаровски.

# Жртви на режимот, Лидија Лазова: Уште чекаме правдата да излезе на виделина

Како дел од Граѓанскиот форум на ЦИВИЛ што се однесува на граѓанските препораки за  креирање на владините политики, овие денови се потсетуваме на серијата интервјуа со жртвите на режимот, што ЦИВИЛ ги спроведе во текот на минатата година.

Лидија Лазова, случај „Калдрма“, на 2 декември 2011 година беше приведена со 86 вработени на кои веднаш им беше одреден притвор. На панел дискусија „Жртви на режимот -сведоштва и слики“, одржана на 21 декември  2019, во органзиација на ЦИВИЛ, низ солзи ја раскажа својата голгота во битолскиот затвор и во Идризово.

„Откако заврши казната, сите се осеќавме како да сме заробени иако сме на слобода. Многу бракови се растурија, дури и јас останав сама. Не можам сега да работам поради




повредата во колкот.

Видовме дека Владата презема некакви мерки за сите, освен за нас кои бевме жртви на режимот. За нас нема ништо направено и ние уште чекаме на правда и правдина“, вели Лазова.

# Жртви на режимот – Рамковски: Најтешко ми беше за ќерка ми



Велија Рамковски, една од жртвите на режимот на Груевски, сопственикот на телевизија А1,една од жртвите на режимот на Груевски на панелот „Жртви на режимот – сведоштва и слики“ што се одржа во декември 2019 година, раскажува за неколкугодишната семејна  агонија во затвор. „28 месеци не можев да ја видам Емел, мојата ќерка која беше во другата зграда од затворот. Намерно не ми дозволуваа да може да се видиме, бар преку прозорец. Се

радував на судењата зашто само таму можев да ја видам сопругата и ќерката. Груевизмот е длабоко во институциите. Сега сум малку исплашен. И после три години Груевизмот ме плаши. Сите нè плаши", рече Велија Рамковски на панелот на ЦИВИЛ, насловен „Жртви на режимот – сведоштва и слики".

„Кај секој човек тоа чувство на правда и неправда постои... Покажете дека имате чувство за правда, во дадените можности, ама овде, за нас, е нула. Повелете, народот да види. Нема некој што не ја бара А1. Не ме затоврија само мене, фамилијата и најблиските соработници, им ја затворија на народот и А1... Еве ви господо, одите на избори... направете и нешто за правдата...", порача Рамковски.

# Цветанов: Ние кои бевме жртви на режимот бараме правда – не бараме милост

Ване Цветанов на панел дискусијата „Жртви на режимот" во организација на ЦИВИЛ, упатува прашање до Христијан Мицковски: Зошто се прават списоци за линч и што ќе се преземе доколку излезат докази во јавноста.

„Во последните неколу години се заборавија жртвите на режимот и мора да се смени нешто освен правење на дебати. Мора да видиме реформи во судството и во полицијата, ние не видовме ниту еден притворен полицаец кој во минатото ги пречекоруваа своите овластувања.




Во Шутка има околу 250 затвореници, но во еден период имало и по 500 притворени, ставани таму само да се пресметаат со неистомислениците. Имаше во притвор и човек со скршен врат.

Во 2008/2009 година ми понудија да бидам на местото на Коста Крпач, и да организирам вадење на кеш од 1 милион евра. Во 2011 година ми стигна кривична пријава, кулминираше ситуацијата во 2013 година, и мене ми беа лути бидејќи јас го знаев системот како функционира и не сакав да перам пари.

НА Мартин Протугер му се тресеа нозете кога ќе ме видеше на медиум и имаше голем гнев кон мене. Во 2016 бев осуден.

Сега го нема тоа, но не е целосно завршено и има потреба од уште реформи во судсвото.

Ние кои бевме жртви на режимот бараме правда – не бараме милост", беше дел од излагањето на Цветанов.

Ване Цветанов е основач на граѓанското здружение Зелена лупа, инаку поранешен директор на Агенцијата за спречување на перење пари, во времето на Груевски беше затворен затоа што не сакал да пере пари за режимот.

**Д. Муратов**

# Зелениот караван на ЦИВИЛ тргна од Скопје

Зелениот караван на ЦИВИЛ тргна од Скопје на 11 септември, со инфо штанд на плоштад Слобода.

Зелениот караван на ЦИВИЛ е посветен на промоција и јакнење на јавната свест за зелените вредности, социјалната правда и антинационализмот. Социјалната правда и антинационализмот се дел од европските и зелените вредности кои ЦИВИЛ ги застапува во текот на своето 20-годишно постоење, а во изминатите неколку години и во партнерство со Фондацијата Хајнрих Бел, чие регионално седиште е во Сараево, БиХ.

Тимовите и активистите на ЦИВИЛ патуваат низ земјата и ќе одржат повеќе настани во соработка со општините и локалните граѓански организации. Покрај работилници на тема „Зелените доаѓаат“ во Штип, Гостивар, Велес, Кавадарци и Скопје, низа средби со граѓанките и граѓаните ќе се одржат и во други општини низ целата земја.



Зелениот караван ќе заврши со национална конференција посветена на зелените вредности и стратегии, како единствена одржлива алтернатива за општеството и за државата. Зелениот караван е дел од проектот „Зелените доаѓаат“ кој се спроведува во партнерство со Фондацијата Хајнрих Бел.

Во претходната фаза од проектот се спроведуваа голем број активности меѓу кои се и тематските фокус групи и медиумската продукција од која се издвојуваат колумните и анализите што се објавени на медиумската платформа на ЦИВИЛ, првенствено на интернет порталот Зелен ЦИВИЛ. Инаку, Зелен



ЦИВИЛ е организациска единица на ЦИВИЛ, која се формира девет години по основањето на организацијата, во 2009 година.

„Зелениот караван на ЦИВИЛ ќе ги промовира зелените вредности, европските вредности, социјалната правда и антинационализмот. Бидејќи наш став е, заложбите за зелените вредности, во кои секако спаѓа и заштитата на животната средина, не е доволно да се биде само поддржувач на чистите улици и слично, тоа е комунална хигиена. Зелените вредности можа да се практикуваат само во единство, со почитување на човековите права и слободи, достоинството, во единство на почитувањето на сите аспекти на социјалната правда, и секако почитување, и активност во доменот на интегрирање на општеството. Антинационализмот е една од главните идеи, една од трите главни идеи со кои се носиме подолго време, а зелениот караван ќе се фокусира токму на промовирање на тоа единство на вредности, единство на акција која е потребна во општеството. Зелените вредности се единствената алтернатива и за општеството и за државата, и воопшто за планетата.“

**ЦИВИЛ Тим за комуникации**

# ЦИВИЛ на меѓународниот вебинар „Дијалог на медиуми за учество и разбирање“

Претседателот на ЦИВИЛ – Центар за слобода, Џабир Дерала, беше специјален гостин на вебинар на тема „Дијалог на медиумите за учество и разбирање“.



На вебинарот учествува организации, новинари и експерти од Германија, Белорусија, Украина и Грузија, а го организира Волфгнг Ресман, претседател на германската Федерална асоцијација на јавни медиуми, со кого ЦИВИЛ МЕДИА имаше и интервју во април годинава.

CIVIL MEDIA

www.civilmedia.mk

facebook.com/civil.mk

#CivicLenses

ACTIVISM CITIZEN JOURNALISM

https://clp.mk/

facebook.com/citizen.journalists.mk/

drejt.

www.civilalb.info

facebook.com/drejt.mk

greencivil

www.greencivil.mk/

facebook.com/green.civil.mk

CIVIL.Today

www.civil.today

www.civil.org.mk

since 1999 human rights and freedoms arms control tolerance and peace free elections

www.civil.org.mk

СЛОБОДНО.НЕЗАВИСНО.ОТВОРЕНО

EUROPA е весник за европски вредности и човекови права, во издание на ЦИВИЛ. Уредува Редакциски колегиум на ЦИВИЛ. Одговорен уредник за весникот EUROPA: Игор К. Илиевски. Целосниот импресум на изданието е објавен на www.civilmedia.mk

Весникот EUROPA е издание во рамките на проектот „Европа е наш дом“, финансиран од Федералното Министерство за надворешни работи на Сојузна Република Германија.

**Ставовите искажани во оваа публикација се на авторките и авторите на текстовите и не нужно ги одразуваат ставовите на донаторите.**